NUMBER OF OVERNIGHT STAYS BY SPA TOURISTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND SOME EUROPEAN COUNTRIES

Evgenija Markovska
"Goce Delchev" University - Shtip, Republic of North Macedonia, Evgenija.31725@ugd.edu.mk

Abstract: The spa industry is a booming business that is growing in popularity and profitability, and the outlook for the future is promising. The Republic of North Macedonia is a country with about 60 springs of mineral water that has eight thermal baths, from which two are currently not in operation. When comparing with some European countries, it can be seen that in Serbia there are more than 50 baths and more than 1000 springs, of which about 500 springs of cold and hot mineral water as well as an abundance of mineral mud. According to the number of overnight stays and arrivals, spas are leading tourist destinations in Serbia. In Croatia, unfortunately spa tourism is poorly developed taking that Croatia faces the Adriatic Sea (which is one of the calmest and clearest in the Mediterranean) and is the main tourist attraction in the country. Spa tourism is the most developed in Hungary where there are more than 100 spring of mineral water, currently there are 230 thermal baths. In Slovenia, one of the most developed forms of tourism is spa tourism. There are 87 thermal water springs with different properties and temperature (from 32 to 73 degrees Celsius). Slovenia currently has 12 SPA centers. Purpose: The purpose of this paper is to see the number of overnight stays in the spas, compered to the total number of overnight stays of all types of tourists in the Republic of North Macedonia, but also in some of the European countries. This paper covers the countries of Serbia, Croatia, Hungary and Slovenia. Methodology: To achieve the set goal, the methods that were used are analysis and retrospective analysis of the number of spa tourists, the number of overnight stays in spas and the total number of overnight stays of tourists in the Republic of Macedonia and some of the European countries for the period from 2010 to 2020. The data were collected by the State Statistics Office of the Republic of Macedonia and related to the researched countries, and they were processed tabularly and graphically. The analysis was performed on the basis of previously studied scientific theoretical content of materials that include: literature, books, magazines and newspapers, reports, relevant publications, on-line databases, as well as all other published materials. Results: For the period from 2010-2020 the biggest number of overnight stays were Hungary (1 113 300 000)) from which 44.45% were from the spa tourists. The Republic of North Macedonia for these 10 years has a total number of overnight stays 26,465,259, of which 7.71% are overnight stays in spas or 2,041,044. Conclusions: The percentage of overnight stays in spas compered to the total number of overnight stays for the Republic of North Macedonia is 7.71%. The biggest number of overnight stays by spa tourists were in Hungary (44.45%), and the lowest number were in Croatia (0.6%).
Keywords: Spas, spa tourists, overnight stays, European countries

БРОЈ НА НОЌЕВАЊА ОД СТРАНА НА БАЊСКИ ТУРИСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕКОИ ОД ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ

Евгенија Марковска
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија, Evgenija.31723@ugd.edu.mk

Резиме: СПА индустријата е бизнис во подем кој расте во популарност и профитабилност, а изгледите за иднината се ветувачки. Република Северна Македонија е држава во која со околу 60 извори на минерална вода има вкупно осум бањи, од кои моментално две не се активни. При споредба со некои од европските држави може да се види дека во Србија има повеќе од 50 бањи и повеќе од 1000 извори, од кои околу 500 извори на ладна и топла минерална вода како и изобилство на минерална кал. Според бројот на ноќевања и пристигнувања бањите се водечки туристички дестинации во Србија. Во Хрватска за жал бањскиот туризам е слабо развиен земајки во предвид дека Хрватска излегува на Јадранско море (кое претставува едно од најмирните и напросирните во Медитеранот) и претставува главна туристичка атракција во државата. Бањскиот туризам е најразвиен во Унгарија каде со повеќе од 1000 извори на минерална вода, моментално има 230 термални бањи. Во Словенија еден од најразвиените форми на туризам е бањскиот туризам. Изворите на термални води кои на број се 87 на број се со различни својства и температура (од 32 до 73 степени Целзиусови). Словенија моментално располага со 12 СПА центри. **Цел на трудот:**Целта на овој труд е да се види колкав број на ноќевања се поминати во бањите, во однос на вкупниот број на ноќевања на сите видови туристи во Република Северна Македонија, но и во некои од европските дружави. Во овој труд

се опфатени државите Србија, Хрватска, Унгарија и Словенија. **Материјали и методи:** Во постигнување на поставената цел се користени методите на анализа и ретроспективна анализа на бројот на бањски туристи, бројот на ноќевања во бањи и вкупниот број на ноќевања на туристите во Р.С.Македонија и некои од европските држави за периодот од 2010 до 2020 година. Податоците се собрани од државниот завод за статистика на Р.С.Македонија и соодветно на истражуваните држави и истите се обработени табеларно и графички. Анализата е вршена врз основа на предходно проучувана научно теоретска содржина на материјали кои вклучуваат; литература, книги, списанија, весници, извештаи, релевантни публикации, on-line бази на податоци, како и сите други објавени материјали.**Резултати од истражувањето:**Во периодот од 2010-2020 година најголем број на ноќевања имало во Унгарија (1 113 300 000) од кои дури 44,45% биле од страна на бањски туристи.Хрватска која после Унгарија има најголем број на ноќевања (766 966 231) од нив само 0,65% односно 4 972 000 од сите ноќевања биле од страна на бањски туристи. Република Северна Македонија за овие 10 години има вкупен број на ноќевања 26 465 259, од кои 7,71% се ноќевања во бањи односно 2 041 044.**Заклучоци:**За периодот од 2010 до 2020 година во Република Сееверна Македонија имало вкупно 2 041 044 ноќевања од страна на бањски туристи. Процентот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања за Р.Северна Македонија е 7,71%. Најголем број на ноќевања од страна на бањски туристи имало во Унгарија (44,45%), а најмал број во Хрватска (0,6%).
Клучни зборови: Бањи, бањски туристи, ноќевања, европски држави

1. ВОВЕД

Водата претставува еден од суштинските ресурси во туристичката индустрија. Во областите каде водните ресурси се богати со квалитет и квантитет можат да се користат за здравствени и велнес цели. Ова е случај со велнес и бањскиот туризам каде што водата се користи за лекување со милениуми. Луѓето наскаде во светот откриваат дека најефикасен пристап кон здравјето е одржување на балансот на телото, а најголема улога во тоа секако дека имаат бањите. Додека многу луѓе ги поврзуваат традиционалните бањи со римските бањи, постојат докази за терапии од типот на бањи илјадници години предхдно, кога постоело верување во лековитата моќ на минералните води. СПА индустријата е бизнис во подем кој расте во популарност и профитабилност, а изгледите за иднината се ветувачки. Глобалниот пазар на термални и минерални извори вреди над 56 милијарди долари што е јасен показател за потенцијалот за раст и успех на бањската индурстрија. Европската СПА индустрија се проценува на околу 20,2 милијарди долари. Во 2020 година имало околу 160 000 Спа објекти ширум светот. За разлика од Р.С.Македонија каде што имаме само 8 бањи, бројот на бањи во Унгарија се зголемува постојано достигнувајќи го врвот од 586 објекти во 2012 година.

2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во постигнување на поставената цел се користени методите на анализа и ретроспективна анализа. Анализата е вршена врз основа на предходно проучувана научно теоретска содржина на материјали вклучувајќи голем број на објавени книги за Спа туризам и on line бази на податоци. Ретроспективната анализа го опфаќа бројот на бањски туристи, бројот на ноќевања во бањи и вкупниот број на ноќевања на туристите во Р.С.Македонија и некои од европските држави за периодот од 2010 до 2020 година. Податоците се собрани од државниот завод за статистика на Р.С.Македонија и соодветно на истражуваните држави и истите се обработени табеларно и графички.

3. РЕЗУЛТАТИ

Во табела број 1 е претставен вкупниот број на поминати ноќевања на туристи во Р.Северна Македонија, бројот на бањски туристи, вкупниот број на ноќевања во бањи како и процентуалниот однос на бројот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања. За поголема прегледност процентуалната застапеност на бројот на ноќевања е претставена во графикон број 1.

Табела 1. Вкупен број на ноќевања и бањски туристи во РС Македонија за периодот од 2010-2020 година

	Вкупен број на ноќевања	Број на бањски туристи	Вкупен број на ноќевања во бањи	% на бројот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања
2010	2 020 217	28 163	215 662	10, 68
2011	2 173 034	27 142	220 053	10,13
2012	2 151 692	27 169	216 185	10,05
2013	2 157 175	27 888	221 687	10,28
2014	2 195 883	28 976	223 663	10,19
2015	2 394 205	28 853	215 210	8,99
2016	2 461 160	28 276	227 919	9,26
2017	2 775 152	32 189	245 074	8,83
2018	3 176 808	13 432	108 043	3,40
2019	3 262 398	11 254	98 435	3,02
2020	1 697 535	5 513	49 113	2,89
Вкупно	26 465 259	258 855	2 041 044	7,71%

Графикон 1. Вкупна процентуална застапеност на бројот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања во РС Македонија за периодот од 2010-2020 година



Во табела број 2 е направен преглед на вкупниот број ноќевања, вкупниот број на бањски туристи, вкупниот број ноќевања во бањи и процентуалниот однос на бројот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања за периодот од 2010-2020 година, во државите: Р. Северна Македонија, Србија, Хрватска, Унгарија и Словенија. За поголема прегледност на односот помеѓу бројот на ноќевања во бањи и вкупниот број на ноќевања за споменатите држави, истите се претставени графички во графикон број 2.

Табела 2. Вкупен број на ноќевања и бањски туристи за периодот од 2010-2020 година

	Вкупен број на ноќевања	Вкупен број на бањски туристи	Вкупен број на ноќевања во бањи	% на бројот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања
Република Северна Македонија	26 465 259	258 855	2 041 044	7,71%
Србија	80 384 117	5 114 861	23 993 832	29,85%
Хрватска	766 966 231	1 469 700	4 972 000	0,65%
Унгарија	1 113 300 000	398 931 000	494 835 000	44,45%
Словенија	131 536 053	9 366 366	34 157 027	25,97%

Графикон 2. Однос помеѓу вкупниот број ноќевања и вкупниот број на ноќевања во бањи за периодот од 2010-2020 година



4. ДИСКУСИЈА

Спорред добиените податоци од анализираните држави, за периодот од 10 години може да се види дека бањскиот туризам е најслабо развиен во Хрватска, а најмногу развиен во Унгарија. Во периодот од 2010-2020 година најголем број на ноќевања имало во Унгарија (1 113 300 000) од кои дури 44,45% биле од страна на бањски туристи. На второ место по застапеност на бањски туризам од анализираните држави е Србија, каде од 80 384 117 ноќевања, 29,85% или 23 993 832 ноќевања се од страна на бањски туристи. Во Словенија од вкупно 131 536 053 ноќевања 25,97% се од страна на бањски туристи. Република Северна Македонија за овие 10 години има најмал број на ноќевања (26 465 259), од кои 7,71% се ноќевања во бањи односно 2 041 044. Хрватска која после Унгарија има најголем број на ноќевања (766 966 231) го зазема последното место по развој на бањски туризам, само 0,65% односно 4 972 000 од сите ноќевања биле од страна на бањски туристи.

5. ЗАКЛУЧОК

За периодот од 2010 до 2020 година во Република Сееверна Македонија имало вкупно 2 041 044 ноќевања од страна на бањски туристи.

Процентот на ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања за Р.Северна Македонија е 7,71%.

Бањскиот туризам е најмногу развиен во Унгарија со 44,45% ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања.

Најслабо развиен бањски туризам има во Хрватска со 0,65% ноќевања во бањи во однос на вкупниот број ноќевања.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Bacon, W. (1998). Economic Systems and Their Impact on Tourist Resort Development: The Case of Spa in Europe. Tourism Economics 4:21-32

Buzsik, K., Jonas-Berki, M., Köbli, A., & Palfi, A. (2015). Actual trends of health tourism in Hungary: the case of Hévíz. Geographica Timisiensis, 24(2), 45-53.

Connell, J. (2011). The Antiquity of Health Tourism. In Medical Tourism; CABI: Wallingford, UK,pp. 12–22.

Derco, J. (2020). Spa tourism in the Slovak Republic. International Journal of Spa Wellness, 3, 187–197

Kiss, K. (2015). The challenges of developing health tourism in the Balkans. Tourism: An International Interdisciplinary Journal, 63(1), 97–110

Liu, B., Li, Y., Kralj, A., Moyle, B., & He, M. (2022). Inspiration and wellness tourism: The role of cognitive appraisal. *Journal of Travel & Tourism Marketing*, *39*(2), 173–187

McNeil, K.R., Edna J, & Ragins, E.J. (2005). Staying in the Spa Marketing Game: Trends, Challenges, Strategies and Techniques. Journal of Vacation Marketing, 11(1): 31-39

Monteson, A. P. & Singer, J. (2004). Marketing a Resort-based Spa. Journal of Vacation Marketing, 10(3): 282-287.

Mueller, H., & Kaufmann, E.L. (2001). Wellness tourism: Market analysis of a special health tourism segment and implications for the hotelindustry. Journal of Vacation Marketing, 7, 15-17.

Rodriguez–Sanchez, C., Sancho-Esper, F., Casado-Díaz, A.B., & Sellers-Rubio, R. (2020). Understanding in-room water conservationbehavior: The role of personal normative motives and hedonic motives in a mass tourism destination. J. Destin. Mark. Manag.,18

Stanhope, J., Weinstein, P., & Cook, A. (2015). Health effects of natural spring waters: A protocol for systematic reviews with a regional case example. J. Integr. Med.,13, 6.

Tomi´c, N., & Koši´c, K. (2020). Wellness Tourism: A Destination Perspective. Tour. Manag. Perspect.,36.

Tomka, D., Holodkov, V., & Andjelković, I. (2015). Quality of Life As a Travel Motivational Factors of Senior Tourists - Results of Research in Novi Sad. Informatologia, 48(1–2), 62–70

Čeperković J., & Čerović, S. (2023). Dunamics od SPA tourism statistics in selected countries of central and eastern Europe.,Vol. 70 No. 1 Economics of Agriculture, Belgrade